ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 13 – 217/9**

**Дата: 01.07.2014**

**ДО**
**ЈАВНА ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА**
**УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА ДЕТСКА ХИРУРГИЈА**
**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за детска хирургија (во понатамошниот текст - клиника) на сметка за средства од Фондот за здравствено осигурување на Република Македонија за 2013 година.

Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи на клиниката за годините кои претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

Изразено е мислење со резерва во однос на вистинито и објективно прикажување на финансиската состојба во финансиските извештаи и мислење без резерва во однос на усогласеноста на финансиските трансакции со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставените политики за 2013 година.

Со увид во извршениот попис на средствата констатирано е дека во пописните листи се внесени количински и вредносни показатели и направено е усогласување на сметководствената со фактичката состојба. Но, поради тоа што постојаните средства не се означени со инвентарни броеви, ревизијата не се увери дека целосно и правилно е извршено количинско усогласување на средствата согласно одредбите на Законот и Правилникот за сметководство на буџети и буџетски корисници.

Заклучно со денот на известувањето од извршената ревизија надлежниот министер нема преземено активности за донесување на општ акт со кој ќе се уреди делокругот на работа на внатрешните организациони единици и

минималниот број на извршители по внатрешни организациони единици на поединечните категории здравствени установи во зависност од дејноста што ја врши установата.

Извршивме обелоденување во делот на начинот на фактурирање на извршените услуги и начинот на плаќање на истите. За 2013 година клиниката има извршено здравствени услуги на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија (во понатамошниот текст ФЗОМ) во износ поголем за 19.544 илјади денари во однос на договорениот лимитиран износ, истите се евидентирани вонбилансно и не се очекуваат приливи по истите во наредниот период. Наведеното има влијание врз финансиската состојба на клиниката, особено во услови и на ненаплатени побарувања (на сметката сопствени приходи) во износ од 2.758 илјади денари од Министерството за здравство по основ на извршени здравствени услуги согласно програмите за здравствена заштита како и од ненаплатените побарувања од другите јавни здравствени установи за извршени сервисни услуги од страна на клиниката во износ од 522 илјади денари.
Поради тоа клиниката не е во можност навремено да ги сервисира доспеаните обврски кон другите јавни здравствени установи за користени сервисни услуги кои имаат растечки тренд од година во година и на 31.12.2013 година изнесуваат 51.851 илјади денари.
Не се преземени активности од надлежниот орган и надлежниот министер за именување на медицински и организациски директор на клиниката. Клиниката во 2013 година функционира со еден директор како вршител на должност.
Законскиот застапник на клиниката на ден 20.06.2014 година до Државниот завод за ревизија достави известување со кое известува дека нема забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи прикажани од страна 10 до 12 заедно со ревизија на усогласеност на клиниката на сметка за средства од Фондот кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија, согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

1.3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи на клиника за годините кои претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на клиниката застапувана од:

- Спец. Д-р Ристо Симеонов, в.д. директор од 03.02.2011 година

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се во сите материјални аспекти во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на клиниката се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа: дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се во сите материјални аспекти во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија и со прифатени и спроведени извесни корекции од страна на субјектот, како резултат на утврдени погрешни прикажувања.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки на добивање на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме

дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

2.4. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 07.04.2014 до 27.05.2014 година од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на ревизијата од претходната година

Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи на клиника за годините кои претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на клиниката на ден 02.06.2014 година.
Законскиот застапник на клиниката на ден 20.06.2014 година до Државниот завод за ревизија достави известување со кое известува дека нема забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

### 4.1. Финансиски извештаи

4.1.1. Со увид во Извештајот на пописната комисија за извршениот попис на средствата и нивните извори на 31.12.2013 година, констатирано е дека во пописните листи се внесени количински и вредносни показатели и направено е усогласување на сметководствената со фактичката состојба. Но, поради тоа што постојаните средства не се означени со инвентарни броеви, ревизијата не се увери дека целосно и правилно е извршено количинско усогласување на средствата согласно одредбите на Законот и Правилникот за сметководство на буџети и буџетски корисници.
Одговорното лице на клиниката ја информира ревизијата дека во тек е постапка за набавка на бар-код читач и со пописот на крајот на 2014 година планирано е да се изврши обележување на сите средства со инвентарни броеви.

**Препорака**
Одговорното лице да продолжи со преземените активностите и да изврши обележување на постојаните средства со инвентарни броеви.

## 5. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точката 4.1. финансиските извештаи ги прикажуваат вистинито и објективно во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Јавната здравствена установа Универзитетската клиника за детска хирургија на ден 31.12.2013 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Јавната здравствена установа Универзитетската клиника за детска хирургија се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 6. Системски слабости

6.1. Согласно член 91 од Законот за здравствена заштита, министерот за здравство треба да пропише општ акт со кој ќе се уреди делокругот на работа на внатрешните организациони единици и минималниот број на извршители по внатрешни организациони единици на поединечните категории здравствени установи во зависност од дејноста што ја врши установата.

Поради недонесувањето на пропишана форма од страна на надлежниот министер, Правилникот за организација на работата и систематизација на работните места на клиниката не е усогласен со Законот за здравствена заштита ниту со Правилникот за потребниот простор, опрема и стручен кадар за основање, почнување со работа и вршење на здравствена дејност во здравствени установи донесен во 2013 година согласно член 60 од наведениот закон. Отсуството на погоре наведениот акт влијае раководството на клиниката да не може да преземе активности за измени и дополнување на Правилникот во насока на усогласување на истиот со Законот и под законските акти.

## 7. Нагласување на прашања на неизвесност

7.1. Законот за здравствена заштита ги третира здравствените установи како посебни правни субјекти кои средствата за работа меѓу другите извори ги стекнуваат и од ФЗОМ, за здравствени услуги дефинирани со договор

според утврдените цени на здравствените услуги или според извршени програми за одделни видови на здравствена заштита.
Согласно одредбите од член 68-а и член 70 од Законот за здравствено осигурување, Фондот за здравствено осигурување на Република Македонија како купувач на здравствени услуги склучил договор со клиниката во кој се регулирани прашањата за начинот на фактурирање на извршените услуги и начинот на плаќање на истите. Имајќи го предвид износот во склучениот договор кој претставува ограничување на средствата кои се очекуваат да се добијат од Фондот за здравствено осигурување на Република Македонија и износот на вкупната реализација искажана во фактурите и во месечните извештаи, ревизијата констатира дека не е обезбедено купување на вкупно извршените здравствени услуги. Во услови кога не е воспоставен сооднос помеѓу нивото на извршени услуги, нивното фактурирање и надоместување на извршените услуги, се доведува во прашање ваквата поставеност на субјектите во овој процес.
Согласно Договорот со Фондот за здравствено осигурување на Република Македонија буџетот на клиниката за 2013 година изнесува 71.027 илјади денари. Во текот на годината, клиниката има извршено здравствени услуги на товар на Фондот за здравствено осигурување на Република Македонија во вкупен износ од 90.571 илјади денари при што повеќе извршените здравствени услуги од 19.544 илјади денари од договорениот износ се евидентирани вонбилансно и не се очекуваат приливи по истите во наредниот период.
Наведеното има влијание врз финансиската состојба на клиниката, особено во услови и на ненаплатени побарувања (на сметката за сопствени приходи) во износ од 2.758 илјади денари од Министерството за здравство по основ на извршени здравствени услуги согласно програмите за здравствена заштита како и од ненаплатените побарувања од другите јавни здравствени установи за извршени сервисни услуги од страна на клиниката во износ од 522 илјади денари.

Поради тоа клиниката не е во можност навремено да ги исплаќа доспеаните обврски кон другите јавни здравствени установи за користени сервисни услуги кои имаат растечки тренд од година во година и на 31.12.2013 година изнесуваат 51.851 илјади денари. (***Графикон 1***)

***Графикон 1***




Ревизијата констатира дека буџетот на клиниката за 2014 година значително е зголемен и изнесува 119.000 илјади денари но тоа се должи на воведување на кардиохируршките интервенции и потребата за набавка на нова опрема во функција на истите. Висината на зголемениот буџет согласно анализите на клиниката е доволна за редовно сервисирање на тековните обврски, но не и за покривање на неизмирените обврски од минатите години кои што можат да предизвикаат поведување на судски спорови.

7.2. Ревизијата констатира дека со клиниката повеќе од три години управува едно лице вршител на должност – директор именуван со Решение од Министерот за здравство. И покрај тоа што клиниката со неколку дописи се обратила до Министерството за здравство за потребата од именување на директор, до денот на ревизијата не е добиен одговор или пак насоки за постапување на управниот одбор за распишување на јавен конкурс за избор на директор а со тоа не е донесено решение за именување директор на клиниката од страна на надлежниот министер и склучување на менаџерски договор.

Исто така, не се преземени активности од надлежните органи и лица за именување на организациски директор на клиниката, што не е во согласност со член 105 од Законот за здравствена заштита каде е предвидено на универзитетските клиники да се именуваат организациски и медицински директор.

Имајќи ги во предвид утврдените состојби и одредбите на член 105, 107 и 108 од Законот за здравствена заштита управниот одбор на клиниката и надлежниот министер потребно е да ги преземат потребните мерки и активности за именување на медицински и организациски директор на клиниката, заради непречено извршување на дејноста на клиниката..

**Прифатени и коригирани неправилности од страна на клиниката во текот на ревизијата**

- Извршени се корекции на одделни состојби на сметките од главната книга во 2014 година и изготвен е налог со кој е извршено намалување на вкупната актива и пасива во Билансот на состојба и тоа на позициите Материјални средства и Извори на капитални средства за износ од 750 илјади денари, а со цел реално и објективно прикажување на билансните позиции.

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2013 ГОДИНА

**во 000 денари**

| **Опис на позицијата** | **2013** | **2012** |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Трансфери и донации | 71.027 | 65.437 |
| **Вкупно приходи** | **71.027** | **65.437** |
| | | |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати и надоместоци | 29.011 | 29.743 |
| Стоки и услуги | 39.443 | 33.819 |
| **Вкупно тековни расходи** | **68.454** | **63.562** |
| | | |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 2.573 | 1.875 |
| **Вкупно капитални расходи** | **2.573** | **1.875** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ

**во 000 денари**

| **Опис на позицијата** | **2013** | **2012** |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Побарувања | 117 | - |
| Активни временски разграничувања | 61.406 | 53.382 |
| Залихи | 4.152 | 2.753 |
| **Вкупно тековни средства** | **65.675** | **56.135** |
| **Постојани средства** | | |
| Материјални добра и природни богатства | 226 | 226 |
| Материјални средства | 64.945 | 70.163 |
| **Вкупно постојани средства** | **65.171** | **70.389** |
| **Вкупна актива** | **130.846** | **126.524** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 59.363 | 51.246 |
| Краткорочни финансиски обврски | 341 | 296 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 1.702 | 1.840 |
| Пасивни временски разграничувања | 117 | - |
| **Вкупно тековни обврски** | **61.523** | **53.382** |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на капитални средства | 69.323 | 73.142 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **69.323** | **73.142** |
| **Вкупна пасива** | **130.846** | **126.524** |

## ПРЕГЛЕД
## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2013 ГОДИНА

**во 000 денари**

| **О П И С** | **Државен јавен капитал** | **Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност)** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2013 година** | **70.389** | **2.753** | **73.142** |
| **Зголемување по основ на:** | **4.420** | **12.670** | **17.090** |
| Набавки во текот на годината | 4.398 | 12.670 | **17.068** |
| Добиени донации | 22 | | **22** |
| **Намалување по основ на:** | **(9.638)** | **(11.271)** | **(20.909)** |
| Отпис на капитални средства | | (11.271) | **(11.271)** |
| Амортизација за тековната година | (9.638) | | **(9.638)** |
| **Состојба 31.12.2013 година** | **65.171** | **4.152** | **69.323** |